Република Северна Македонија
Kuzey Makedonya Cumhuriyeti
ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ
MAVROVO VE ROSTUŞE BELEDIYE
Бр./N°. 04-13/5
20.01.2022 год./yil
Ростуше / Rostuse

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ'' број 05/2002), член 23 став 4 од Законот за работни односи („Службен весник на РМ" број 62/2005.....120/2018 и „Сл.Весник на РСМ" број 110/19, 267/20 и 151/21), Правилникот за систематизација на работните места во Општина Маврово и Ростуше (број на основен акт 01-381/1 од 14.12.2015 година и неговите измени и дополнувања,) Секретарот на Општина Маврово и Ростуше на ден 20.01.2022 година донесе

**О Д Л У К А**

За вршење избор на кандидат по јавен оглас за вработување

Во врска со објавениот Јавен оглас за прием на работник во работен однос на неопределено време на помошно-тахничко лице во Општина Маврово и Ростуше, број 01/2022 објавен на ден 11.01.2022 година во дневните весници „Нова Македонија", „Коха", на веб страната на Општината Маврово и Ростуше и како и во Агенцијата за вработување – Гостивар, за работно место **УПР 04 05 А03 004 Хигиеничар во Одделението за општи работи, избран е кандидатот Летка Матеска од Маврови Анови.**

По завршување на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука ќе се донесе соодветно Решение за вработување на избраниот кандидат.

Оваа Одлука се објавува на веб страната и огласна табла на Општина Маврово и Ростуше.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ'' број 05/2002), член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ" број 62/2005.....120/2018 и „Сл.Весник на РСМ" број 110/19, 267/20 и 151/21), а во согласност со член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен Весник на РМ" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен Весник на РСМ број 143/19 и 14/20), Повереникот на Општина Маврово и Ростуше, со Одлука број 04-13/1 од 10.01.2022 година ја утврди потребата од работник за засновање на работен однос на неопределено работно време во Општина Маврово и Ростуше, објавување на јавен оглас и формирање на Комисија за спроведување на вработувањето по јавниот оглас.

Врз основа на објавениот Јавен оглас број 01/2022 за потреба од вработување на помошно-техничко лице според одредбите од Законот за работни односи во Општина Маврово и Ростуше, објавен на ден 11.01.2022 година во дневните весници „Нова Македонија", „Коха", како и на веб страната на Општина Маврово и Ростуше и во Агенцијата за вработување – Гостивар, за работно место УПР 04 05 А03 004 Хигиеничар/ка, Комисија за спроведување на вработувањето по јавниот оглас, формирана со Одлука број 04-13/1 од 10.01.2022 од страна на Повереникот на Општина Маврово и Ростуше, ја спроведе постапката за вработување согласно одредбите на Законот за работни односи и со Записник број 04-13/4 од 18.01.2022 година ја провери и утврди веродостојноста на доставната Пријава за вработување по јавен оглас за засновање на работен однос за работно место број 1. Хигиеничар 1 /еден/ извршител и пропратната документација која се бараше по Јавниот оглас број 01/2022 година и до Секретарот достави Предлог за вработување за кандидатот **Летка Матеска**, како единствен кандидат кој се има јавено по јавниот оглас за ова работно место Хигиеничар во Одделението за општи работи. Секретарот го прифати предлогот за вработување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упаство за правно средство:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Општина Маврово и Ростуше во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Општина Маврово и Ростуше

Општина Маврово и Ростуше
СЕКРЕТАР
Осман Сејдиу